РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-830/2
15-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-тата седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата со број 12-830/1 од 21.02.2025 година, со наводи за сомневање за незаконско работење на Агенција за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности ///, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување поради тоа што предметните наводи се однесуваат на повреда на индивидуално право на подносителот, а пријавените дејствија не се активности кои се во надлежност на нејзино постапување.
Воедно, во врска со предметните наводи ДКСК веќе се има произнесено во предмет оформен по пријава со иста фактографија на наводи - има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-830/1 од 21.02.2025 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 21.02.2025 година, до ДКСК е поднесена пријава со наводи за сомневање за незаконско работење на Агенција за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности ///, по која е оформен предмет број 12-830/1.
Подносителот на пријавата бара да се преземат мерки и активности против Катастарот за недвижности /// поради тоа што се сомнева дека му било украдено и узурпирано дворно место и истото било запишано во површина на двор на неговиот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

сосед. Исто така, подносителот бара при постапувањето за предметниот случај и тој да биде присутен во катастарот со цел да биде расветлен и разјаснет овој случај во кој тој е оштетена страна и на кој му е повредено правото на владеење и на сопственост на имот, а сторителите да бидат санкционирани.

По разгледувањето на наводите во пријавата, ДКСК констатира дека предметните наводи се однесуваат на повреда на индивидуално право на сопственост, за кое подносителот може да побара правна заштита со покренување на тужба и истото може да го оствари во постапка пред надлежен суд. Оттаму, ДКСК цени дека пријавените дејствија не се однесуваат на активности кои се во надлежност на постапување на ДКСК.
Воедно, ДКСК има предвид дека во врска предметните наводи веќе се има произнесено во предметот со број 12-1205/1 од 17.03.2021 година, оформен по пријава со иста фактографија на наводи, по кој на 65-тата седница на ДКСК одржана на 15.04.2022 година ДКСК има донесено одлука од своја надлежност (Одлука бр.12-1205/3 од 19.04.2022 година), објавена на интернет страницата на ДКСК.

Имајќи го предвид погоре констатираното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик - претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц.,раководител на одделение
Согласен: м-р. И.П., раководител на Сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата